РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр. 09-1208/1
25.03 2021 год.
БЕРОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-365/1
25.03. 2021 год
ПЕХЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено E pranuar | 26-03-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 11 | 1845 | 1 | |

До:

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Сектор за природа

Предмет: **Иницијатива за прогласување на заштитено подрачје „Малешево“**

Почитувани,

Согласно член 94 од Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16) Општина Берово и Општина Пехчево поднесуваат иницијатива за прогласување на заштитено подрачје Малешево.

Согласно член 92 став (5) од Законот за заштита на природата заради утврдување на реална состојба и обезбедување на стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитено подрачје се изработува Студија за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачје. Тргнувајќи од ова законско барање во 2019/2020 година Македонското еколошко друштво од Скопје ја изработи Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина со предлог за формирање на заштитено подрачје „Малешево“. Студијата е изготвена во рамки на проектот: Програма за зачувување на природата на Северна Македонија, Фаза II кој е финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), координиран од Фармахем од Скопје во соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање. Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина со предлог за формирање на заштитено подрачје „Малешево“ во категоријата “Заштитен предел” е изготвена согласно Законот за заштита на природата и Правилникот за содржината на студијата за валоризација и ревалоризација на заштитени подрачја (Службен весник на РМ. бр. 26/2012).

Во текот на изработката на Студијата беше спроведен и процес на консултација со клучните засегнати страни, на којшто се надополнија и технички состаноци со поднесувачите на иницијативата, претставници на МЖСПП и изготвувачите на Студијата, кои се одржаа на 18.02.2021година и 26.02.2021година. Исто така, во прилог на транспарентност на целиот процес беше одржан и информативен настан за презентација на предогот, кој се одржа во Берово на 10.03.2021 година, на кој учествуваа повеќе од 40 претставници на клучни чинители и различни заинтересирани страни.

Истакнуваме дека општините Берово и Пехчево, како и локалното население и засегнатите страни сметаат дека прогласувањето на заштитено подрачје Малешево ќе придонесе кон зачувување на неговите природни вредности, интегрирано управување со природните ресурси и ќе овозможи подобар развој на микро регионот Малешевија како целина.

сно член 94 став (3) од Законот за заштита на природата во прилог на овој допис ја ставуваме Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина со предлог за формирање на заштитено подрачје „Малешево" во категоријата "Заштитен предел" (во печатена и електронска форма) со цел Министерството за животна средина да може да отпочне постапка за прогласување на „Малешево" за заштитено подрачје.

Исто така, во прилог на дописот ви ги доставуваме:

- Одлука за давање согласност за отпочнување на процедура за прогласување на заштитено подрачје „Малешево", донесена од Советот на Општина Пехчево (бр.08-1593/1 од 21.12.2020),
- Одлука за усвојување на Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина со предлог за формирање на заштитено подрачје „Малешево" во категоријата "Заштитен предел", донесена од Советот на Општина Пехчево (бр.08-1592/1 од 21.12.2020),
- Одлука за давање согласност за отпочнување на процедура за прогласување на заштитено подрачје „Малешево", донесена Советот на Општина Берово (бр.09-4318/1 од 29.12.2020),
- Одлука за усвојување на Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевските Планини и Влаина со предлог за формирање на заштитено подрачје „Малешево" во категоријата "Заштитен предел", донесена од Советот на Општина Берово (бр.09-4317/1 од 29.12.2020).

Иницијативата е поткрепена и со Одлука за давање согласност за отпочнување процедура за прогласување на заштитени подрачја Осоговски Планини и Ченгино Кале донесена од страна на Советот на ИПР (бр. 02-142/1 од 25.04.2018).

Искрено се надеваме и сметаме дека Министерството за животна средина и просторно планирање како надлежен орган за вршење на работите од областа на заштитата на природата ќе ја спроведе постапката за прогласување на заштитено подрачје Малешево.

Со почит,

Општина Берово
Звонко Пекевски
Градоначалник

Општина Пехчево
Драган Тренчовски
Градоначалник